## *XIII РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ*

Опишете ги постоечките или предложените мерки за намалување на влијанието врз животната средина по престанок на целата или дел од активноста, вклучувајќи мерки за грижа после затворање на потенцијални загадувачки резиденти.

**Прилог XIII** треба да ги содржи сите други придружни информации.

Автокоманда ПЦ Фармација 1:
Оваа инсталација се користи само во исклучителни прилики, од досегашно искуство на околу 2-3 години еднаш, кога има поголем прилив на суровина т.е. афионови шишарки. Инаку процесот на производство се одвива во објектот Производство на фармацевтски суровини на локалитет Ѓорче Петров во затворен систем на производство, но во помали количини.

Во случај на потреба од престанок на работа на инсталацијата

ќе се превземат следните активности:

**Производство**

1. Поголемиот дел од афионови чушки ќе се преработи,
2. Производот ќе се употреби како суровина и ќе се произведат лекови , или ако тоа не е можно ќе се складира и чуваат под обезбедување, со список и количини во посебниот склад за таков вид на полупроизводи и ќе се пријави во Министерство за внатрешни работи, по Закон за опојни дроди. Ако е потребно ќе се уништи по Правилник за начинот и постапување со медицинскиот отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад, Сл.Вес. РМ бр. 146 од 06.12.2007 и по Правилник за поблиските услови за начинот на отстранување на отпадот од лекови Сл.Вес. РМ бр.153 од 09.12.2008
3. Останатите суровини ќе се вратат во магацинот за суровини и амбалажа на локалитет Автокоманда.
4. Машините ќе се исклучат и исчистат
5. Работните простории ќе се исчистат и затворат
6. Суровините кои не се користени ќе се понудат за користење на другите профитни центри или за продажба на сродни индустриски капацитети. Суровините кои ќе останат ќе се класифицираат и ќе се предадат на соодветни институции кои имаат дозвола за справување со истите. Останатите суровини безбедно ќе се складираат.